Врз основа на членот 14 од Законот за политичките партии („Службен весник на РМ” бр. 76/04, 5/07, 8/07 и 23/13), Основачкиот конгрес на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: Основачкиот конгрес) на ден 21 авуст 2025 година ја донесе следната

# ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ
## НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА

### Член 1

**(1) Се основа Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА** (натаму: Партијата, НОВА РЕПУБЛИКА).

**(2)** НОВА РЕПУБЛИКА е национално-центристичка партија втемелена на принципите: слобода, демократија, републиканско уредување, владеење на правото и претприемништво.

### Член 2

**Името на партијата е *Политичка партија НОВА РЕПУБЛИКА*, скратеното име на Партијата е *НОВА РЕПУБЛИКА*, а кратенката на Партијата е *НоРа*.**

### Член 3

Седиштето на НОВА РЕПУБЛИКА е во Скопје.

### Член 4

**Основачи на Партијата се 1.000 (илјада) полнолетни државјани на Република Северна Македонија**, чии имиња и презимиња, единствен матичен број, адреса на живеење, нотарски заверени изјави за основање на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА и уверенија за државјанство се составен дел на оваа Одлука.

### Член 5

Со Статутот на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА, Партијата ги уредува:

- **а)** нејзините политички цели;
- **б)** членството во неа;
- **в)** начинот на територијално организирање на нејзините членови;
- **г)** органите во Партијата, нивниот мандат и начинот на нивен избор и одлучување;
- **д)** претставувањето на Партијата;
- **ѓ)** стекнувањето на средствата и располагањето со нив;
- **е)** јавноста во работењето на Партијата, и
- **ж)** останатите прашања од значење за нејзиното работење согласно законот.

### Член 6

Партијата поблиску ги уредува нејзините политичките цели со Програмската платформа на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА.

**Член 7**

Со Одлуката се определува овластено лице кое ќе ги врши работите на упис на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА во Судскиот регистар на политичките партии.

**Член 8**

Одлуката стапува во сила со нејзиното донесување.

**Скопје, 21 август 2025 година**

**ОСНОВАЧКИ КОНГРЕС НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА**
**Претседател на Работното претседателство,**
***Петар Горобински, с.р.***

**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА**
**Претседател,**
***Ивон Величковски, с.р.***